# Фактурирање

Со цел да се подобри начинот на работење во Прима Медика воведена е нова опција за фактурирање во делот за систематски прегледи. На овој начин Ви се овозможува подобар преглед на фактурирани и нефактурирани прегледи.

За избор на формата за фактурирање од главното менито, во Систематски прегледи се избира Фактурирање. (*Слика: 1*)




*Слика: 1*

Ни се отвора формата за креирање на фактури. При клик на копчето Листа на фактури се отвора листа на сите фактури што се генерирани во избраната работна година. (*Слика: 2*)




Слика: 2

Доколку сакаме да креираме нова фактура кликаме на копчето F5. Ни се отвора формата Генерирање фактура. Полињата Број на фактура, Година и датум на фактура се пополнети автоматски. Лицето што е потписник ги пополнува податоците во полето Потписник. Од Клиент/Партнер се избира партнерот према кој се фактурира. Во полето Број на договор се избира бројот на договор што е претходно дефиниран при склучување на договор и доколку има работен налог од менито се избира за кој работен налог ќе се фактурира. (*Слика: 3*)




*Слика: 3*

Откако ќе се пополнат сите полиња се клика на копчето Запиши. Во тој случај ни се отвора нова форма со систематски прегледи што се нефактурирани. Од оваа листа со пациенти се селектираат пациентите што сакаме да влезат во фактура. Доколку сакаме да се селектираат сите пациенти, кликаме на копчето Сите нефактурирани прегледи. Откако ќе се селектираат пациенти кликаме на копчето Фактурирај. (*Слика: 4*)




*Слика: 4*

Ни се прикажува фактурата во формата <u>Листа на Фактури</u>. Со тоа сме креирале фактура за тој Клиент/Партнер. (*Слика: 5*)




*Слика: 5*

НАПОМЕНА! Доколку е потребно да се направи корекција во однос на веќе креираната фактура, истата мора да се избрише со F8 и да се креира нова фактура. Ажурирање на веќе креирана фактура не е дозволено.

Откако фактурата ќе се креира истата можеме да ја отпечатиме со кликнување на копчето Печати Фактура (*Слика: 6*). Спецификацијата можеме да ја отпечатиме со кликање на копчето Печати Спецификација (*Слика: 7*).



**ИСПРАТНИЦА - ФАКТУРА БР. 1**

По договор: 01

**Датум на фактура : 01.3.2022**
**Датум на валута : 0**

| Ред.бр | Артикал | Мера | Количина | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ | Рабат % | ДДВ % | Износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Основен пакет | Бр. | 1 | 800,00 | 800,00 | 0% | 0% | 800,00 |

| Тарифа | Данок | Основица за ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|
| Т - 1 | 0,00% | 800,00 | 0,00 |

| | |
|---|---|
| Износ без ДДВ: | 800,00 |
| Рабат: | 0,00 |
| ДДВ: | 0,00 |
| ЗА НАПЛАТА: | 800,00 |

Ве молиме да означениот износ го платите во валутниот рок. За секое задоцнување пресметуваме законска затезна камата. Рекламациите се примаат во рок од 5 дена од приемот на стоката. Во случај на спор, надлежен е Основниот суд во Струмица.

**Лице овластено за потпишување на фактури,**

тест
**(име и презиме)** **(потпис)**

**Примил**

**(потпис)**

*Слика: 6*

**Спецификација за фактура бр. 1/2022**

**Пациенти влезени во фактура во** **по договор 01 / 2022**

| Ред.бр. | Бр.картон | Име Презиме | Услуга | Цена |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2389 | | Основен пакет | 800,00 |
| | | | **Вкупен износ** | **800,00** |

*Слика: 7*